З А П И С Н И К

Од 33-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 33-та редовна седница на ден 17.06.2020 година (Среда) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваше Виолета Ристова член на Советот на општина Василево,

На седницата присуствуваа, Верче Миткова, Горан Андонов, Славе Андонов, Бранко Андонов и Ристо Михаилов претставници од општинската аддминистрација.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 33-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 31-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 28.02.2020 година, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

По отворената расправа по записникот од 32-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 12.03.2020 година, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

По отворената расправа по записникот од вонредната седница на Совет на општина Василево одржана на ден 18.03.2020 година, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

По отворената расправа по записникот од вонредната седница на Совет на општина Василево одржана на ден 20.03.2020 година, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

За работа на 33- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. **Донесување на Одлука по барање поднесено од Саво Василев с. Ангелци.**
2. **Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2020 година.**

За збор се јави Крсте Панев предложи надополнување на дневниот ред како трета точка од дневниот ред да биде**: Давање на позитивно мислење на Предлог-Договор за**

воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на енергетски услуги на јавно осветлување.

За збор се јави Марјан Трајков член на Советот на општина Василево побара образложение според него дали ќе биде позитивно или негативно мислењето, праша дали нема да има влијание на одлуката која што е донесена според него мислењето може да биде од важност но може и да го поништи тој договор, праша која е важноста на позитивното мислење а која на негативното мислење. Според него Советот треба да донесе одлука а не мислење смета дека тоа нејасно е формолирано.

Верче Миткова представник од општинската аддминистрација рече дека пред да се одпочне со постапката за јавно приватно партнерство Советот донесе одлука за одпочнување на јавно приватно партнерство, исто така од Советот има усвоено физибилита студиа, сега со постапката е при крај.

Има донесено одлука за избор на јавен приватен партнер, тогаш кога беше донесена одлуката да се почне постапката за јавно приватно партнерство на советот му беше обекано дека при завршување на постапката ќе бидат известени советниците, сега се бара мислење за самата постапка, во прилог даден е договорот да го разгледат советниците. Кога ќе биде точката на дневен ред и доколку има потреба ќе биде образложен сега се става само како точка на дневен ред немора веднаш да се усвои прво советниците ќе го разгледат договорот.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека точката ја предложи како дополнителна на дневен ред.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев како трета точка од дневниот ред да биде: Давање позитивно мислење на Предлог- Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на енергетски услуги на јавно осветлување. беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1

Дневниот ред со усвоениотна предлог на Крсте Панев како трета точка од дневниот ред да биде: Давање позитивно мислење на Предлог- Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на енергетски услуги на јавно осветлување. беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ги усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по барање поднесено од Саво Василев с. Ангелци за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека поради немање кворум за работа комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина не се состана предложи до Советот да ја разгледа Барањето и усвои. Немаше друг пријавено за збор точката: **Донесување на Одлука по барање поднесено од Саво Василев с. Ангелци** беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред **Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2020 година.**,немаше пријавено за збор,беше ставена на гласење од 14 присутни члена Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Давање позитивно мислење на Предлог-Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на енергетски услуги на јавно осветлување, за збор се јави Верче Миткова представник од општинската аддминистрација пред да премине на образложението на договорот рече дека на 14.10.2019 година Советот има донесено Одлука за започнување за постапка на јавно приватно партнерство, усвоени се референтните вредности и физибилити студии од страна на Советот. Врз основа на тие документи како и комисијата составена од Ристо Михаилов претседател на комисијата Славе Андонов, Симона Шонтевска и Бранко Андонов кој ја започнаа постапката пред неколку дена беше донесена Одлука за избор. Имаше еден понудувач Македонски Телеком има донесено Одлука за избор сега постапката е пред подпишување на договорот како што тогаш се даде збор пред да биде спроведен договорот советниците ќе бидат известени ќе се бара и нивно мислење кое што ќе биде битно за целата постапка која е при крај. Предмет на договорот е модернизација на јавното осветлување со цел намалување на потрошувачката. за реализација на овој договор потребни се 3 фази.

Првиот период ќе биде период на подготовка на самата фирма што е изберена на тендерот.

Вториот период на имплементација

И третиот период на гаранција

Првиот период подготовка на фирмата се опчекува да заврши 9 месец 2020 година во тој период ќе се преземат сите подготвителни активности во врска со демонтажа на стари ламби изнаогање на одобрение и разни дозволи со цел одпочнување на работа. Имаат право и обврска и двете страни со цел да биде се транспарењнтно реализирано.

Вториот дел имплементација ќе има монтажа на светилки тип 1 тип 2и тип 3 ќе се монтира софтер на самите ламби ќе се одржува обука на одредени тимови кој што ќе соработуват за одржување на улично осветлување. Се опчекува вториот период на имплементација да заврши 12 месец 2020 година.

Третиот период на гаранција почнува од 12 месец 2020 година и завршува на 22. 06. 2026 година, обврската на фирмата што ќе го превземе јавното приватно Партнерство што ќе го одржува самото осветлување треба да го одржува софтерот секоја настаната штета тие сами ќе ја надоместуват. Најбитно е после пет ипол години монтираните светилки ќе припаднат на општина Василево. Во период од пет ипол години се опчекува според пресметката на финансиска корист кој корисник е општината ќе изнесува 17.177.662 денари ке бидат заштеда на општина Василево.

Бранко Андонов представник од општинската аддминистрација рече дека Проектот за воспоставување на ЈПП со ЕСКО компанија за давање на енергетски услуги во делот на јавното осветлување, што општина Василево го спроведува во соработка со повеќе релевантни субјекти, е во фаза на потпишување на Договор со ЕСКО компанијата, во случајот, Македонски Телеком, АД за електронски комуникации, Скопје, чија понуда по објавениот јавен повик, од страна на Комисијата за јавни набавки е избрана како најповолна. Предмет на Договорот е модернизација на јавното осветлување во општина Василево. ЕСКО компанијата со сопствени средства, некаде до крајот на 2020 година ќе изврши модернизацијата на мрежата за улично осветлување, преку замена на постојните со еколошки, штедливи светилки и во наредните 5,5 години преку заштеда на електрична енергија ќе си ја врати инвестицијата. Согласно предвидувањата во тој период општина Василево, врз основа на заштеда на електрична екергија би требало да инкасира околу 600 000 денари. Во наредните 6 години, до истекот на Договорот, по основ на заштеди од јавното осветлување, општината би требало да инкасира 17 000 000 денари, средства кои би можела да ги инвестира согласно потребите.

Вкупното времетраење на овој Договор е 144 месеци. По истекот, целокупната опрема вложена од страна на ЕСКО компанијата останува во сопственост на општина Василево.

Целиот овој процес е раководен од Европската банка за обнова и развој во соработка со Секретаријатот за енергетската заедница со кој Република Северна Македонија има потпишано Договор за соработка, а општина Василево е една од првите општини во РСМакедонија во која истиот се имплементира.

По затворената расправа третата точка Давање позитивно мислење на Предлог-Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на енергетски услуги на јавно осветлување беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 5.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 33- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател

Крсте Панев